Број 14 Година IX

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925*
*www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk*

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.10/2013), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за отстранување на хаварисани возила од јавни површини на подрачјето на Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Одлуката за отстранување на хаварисани возила од јавни површини на подрачјето на Општина Карпош-Скопје, донесена на дваесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 27 октомври 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

**Број: 09-7486/1**
**Датум: 28.10.2014 год.**
**Скопје**

Врз основа на член 22, став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/2002) и член 15, став 1, точка 4, алинеја 8 од Законот за градот Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/2004 и 158/2011), Советот на Општина Карпош, на дваесет и втората седница, одржана на 27 октомври 2014 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за отстранување на хаварисани возила од јавни површини на подрачјето на Општина Карпош-Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредуваат односите, начинот и постапките за отстранување и чување на хаварисани возила од јавни и други површини на подрачјето на Општина Карпош-Скопје и мерките за нејзиното спроведување.

**Член 2**

**Одделни изрази употребени во оваа одлука го имаат следново значење:**

- „Јавни површини“ се јавни сообраќајни површини, јавни зелени површини и други површини (игралишта и сл.):
- „Јавни сообраќајни површини“ се: улици, коловози, тротоари, пристапни, пешачки и велосипедски патеки, јавни паркиралишта, плоштади, шеталишта, отворени простори пред јавни и деловни објекти, подвозници, надвозници, скали и лифтови што поврзуваат (премостуваат) јавни сообраќајни површини, мостови и слични површини.
- „Јавни зелени површини“ се: паркови, дрвореди, живи огради, тревници, цветни насади, детски игралишта, зелени површини покрај улиците, покрај станбените, деловните и јавните објекти, спортско рекреативните и водени површини и други слични површини.
- „ Хаварисани возила“, односно „оштетени возила“ е она возило кое поради настаната хаварија или дотраеност не е во состојба да се движи со силата на сопствениот мотор како и оштетени и дотраени приколки (за кампување, носење товар и сл.) кои не се во состојба да се движат.
- „Овластен субјект“ или „Овластен субјект за отстранување на хаварисано возило“ може да биде јавно претпријатие, правно или физичко лице кое согласно на закон има соодвтена дозвола за вршење на дејност и кое со Општина Карпош има склучен соодветен договор за отстранување на хаварисани возила од јавните површини.

Изразите што се употребуваат во оваа одлука, чие значење не е дефинирано во ставот 1 на овој член, имаат значење утврдено со закон или друга одлука.

**Член 3**

Под отстранување и чување на хаварисани возила во смисла на оваа Одлука се подразбира начинот и постапката за отстранување и чување на хаварисани возила од јавните и други површини на Општина Карпош.

**Член 4**

Отстранувањето на хаварисани возила од јавните површини го врши овластен субјект определен со одредбите на оваа одлука, а по налог на овластено лице од страна на Општина Карпош.

**Член 5**

За отстранување на хаварисаните возила комуналниот инспектор на Општина Карпош -Скопје на сопственикот, односно на носителот на правото на користење на возилото ќе му наложи да го отстрани хаварисаното возило во рок од 8 дена, за што ќе остави известување залепено на предметното возило и ќе изврши достава согласно со закон.

Доколку сопственикот, односно носителот на правото на користење на хаварисаното возило, самиот не го отстрани возилото во рокот утврден во претходниот став на овој член, овластениот комунален инспектор изготвува записник и издава наредба за отстранување на возилото до овластениот субјект за отстранување на возилото.

Записникот треба да содржи тип и марка на хаварисаното возило, регистарски број (доколку постои), состојба на возилото, краток опис на евентуални оштетувања и фотографски или видео запис за наведеното.

Овластениот субјект е должен да започне со отстранување на хаварисаното возило веднаш по добиената наредба од комуналниот инспектор на Општина Карпош -Скопје.

**Член 6**

Овластениот субјект за отстранување на хаварисаното возило е должен возилото, во име и за сметка на сопственикот односно носителот на правото на користење на возилото, да го даде на сместување, чување односно враќање на сопственикот/корисникот, на простор обезбеден за таа намена.

**Член 7**

При враќањето на отстранетото хаварисано возило, сопственикот, односно носителот на правото на користење на возилото е должен да приложи доказ за сопственост/за правото на користење на возилото и за својот идентитет.

**Член 8**

Враќањето на отстранетото хаварисано возило се врши по наплатата, со приложен документ за наплата на надоместокот за услугата на Општина Карпош, кој изнесува 50 евра во денарска противвредност на денот на плаќањето, како и надоместокот кој го утврдува давателот на услугата, по предходна согласност на Општина Карпош –Скопје.

**Член 9**

Доколку надоместокот за услугата од претходниот член на оваа Одлука не биде платен во рок од 30 дена, се покренува постапка за негова наплата пред надлежен орган.

**Член 10**

Доколку со оставањето на хаварисано возило на јавни сообраќајни површини се прекршени одредби од Законот за безбедност во сообраќајот, комуналниот инспектор на Општина Карпош – Скопје за истото ја известува и надлежната полициска станица при Министерството за внатрешни работи, со која се координира натамошното постапување.

**Член 11**

Општина Карпош ќе објави во јавните гласила известување во однос на примената на оваа Одлука како и повик до сопствениците на хаварисаните возила оставени на јавните површини на територија на Општина Карпош, возилата да бидат отстранети согласно одредбите од оваа Одлука.

**Член 12**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сашо Лазаровски, с.р.**

**Број: 07-7312/3**
**Датум: 27.10.2014 година**
**Скопје**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.10/2013), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за утврдување на услови за начинот на градење во Горно Нерези-Општина Карпош-Скопје, за кое нема урбанистички план**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на услови за начинот на градење во ГорноНерези-Општина Карпош-Скопје, донесена на дваесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 27 октомври 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

**Број: 09-7486/1**
**Датум: 28.10.2014 год.**
**Скопје**

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002) и член 78, став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14), Советот на Општина Карпош, на дваесет и втората седница, одржана на ден 27 октомври 2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на услови за начинот на градење во Горно Нерези-Општина Карпош-Скопје, за кое нема урбанистички план**

**Член 1**

Општиот акт за село **Горно Нерези** се изготвува согласно Програмата за изменување и дополнување на Програма за Урбанистичко планирање на подрачјето на Општина Карпош за 2014 година, бр.07-3336/7 од 20.05.2014 година, донесена од Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.7/14).

**Член 2**

Текстот на одлуката е утврден од комисијата назначена од Градоначалникот на Општина Карпош, со решение број 09-5547/1 од 12.08.2014 година и за истата е добиена согласност од Министерството за транспорт и врски, број 14–13650/2 од 16.10 2014 год. (наш број 33- 5547/3 од 20.10.2014 година.)

**Член 3**

Одлуката за Општ акт за село Горно Нерези е изготвена од правното лице Тајфа- план Доо Скопје - кое поседува лиценца (бр.0018) согласно член 18 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) .

**Член 4**

Општиот акт за село содржи:

- текстуален дел:

Вовед

1. Географско и геодетско определување на подрачјето на планскиот опфат со граници и површина
2. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на планскиот опфат
3. Опис на намени според дефинирани наменски зони
4. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите
5. Начин на реалаизација на инфраструктурни водови и градби
6. Просторна организација и услови за градење во селско-стопански двор
7. Сообраќајни услови и поврзаност

- нумерички дел:

Билансни показатели, и
- графички прилози:
1. Пошироко опкружување на селото .................................... 1 : 10000
2. Извод од претходно изготвена планска документација....... 1 : 2500
3. Катастарска подлога со граница на плански опфат..............1 : 2500
4. Граница на плански опфат на селото, наменски зони и сообраќајна поврзаност со поширокото опкружување ......... 1 : 2500

**Член 5**

Графичкиот прилог од Општиот акт е изработен на заверени дигитализирани катастарски планови.

**Член 6**

Со оваа одлука се утврдува границата на плански опфат на село со вкупна површина од 45,96ха. Границата на селото графички и текстуално е опишана со дефинирани координати на прекршни точки.
Планскиот опфат лежи на територијата која како крајни точки ги има следните координати:

| | X | Y |
|---|---|---|
| 1 | 530885.5740 | 648892.684 0 |
| 2 | 530888.2980 | 648914.9570 |
| 3 | 530918.0400 | 648936.3210 |
| 4 | 530956.4080 | 648947.4580 |
| 5 | 530961.8570 | 648950.1850 |
| 6 | 530975.3110 | 648947.7880 |
| 7 | 530985.3540 | 648935.5610 |
| 8 | 531010.0520 | 648880.678 0 |
| 9 | 531051.8490 | 648830.958 0 |
| 10 | 531063.7910 | 648807.5920 |
| 11 | 531065.1480 | 648796.9960 |
| 12 | 531070.5760 | 648783.9540 |
| 13 | 531083.2990 | 648753.4170 |
| 14 | 531094.9700 | 648711.5750 |
| 15 | 531100.9410 | 648677.3420 |
| 16 | 531116.9540 | 648655.0620 |
| 17 | 531132.2880 | 648643.448 0 |

| | | |
|---|---|---|
| 18 | 531144.6370 | 648637.7420 |
| 19 | 531212.4890 | 648626.602<br>0 |
| 20 | 531245.2790 | 648621.7460 |
| 21 | 531284.6330 | 648621.2030 |
| 22 | 531277.8480 | 648641.3090 |
| 23 | 531272.8320 | 648652.6920 |
| 24 | 531269.8460 | 648654.3220 |
| 25 | 531286.9450 | 648656.7670 |
| 26 | 531311.9140 | 648661.3860 |
| 27 | 531303.6370 | 648692.0110 |
| 28 | 531302.6870 | 648704.3730 |
| 29 | 531296.7160 | 648716.0560 |
| 30 | 531316.6360 | 648722.1400 |
| 31 | 531339.8420 | 648733.6870 |
| 32 | 531345.6770 | 648720.5100 |
| 33 | 531361.5540 | 648731.3780 |
| 34 | 531380.2240 | 648738.6880 |
| 35 | 531392.1660 | 648726.4610 |
| 36 | 531401.5300 | 648713.8270 |
| 37 | 531419.0250 | 648702.324<br>0 |
| 38 | 531471.4070 | 648687.9240 |
| 39 | 531473.0350 | 648687.2450 |
| 40 | 531471.4070 | 648681.5390 |
| 41 | 531468.6440 | 648671.8950 |
| 42 | 531493.0700 | 648667.1400 |
| 43 | 531544.7740 | 648662.249<br>0 |
| 44 | 531544.9090 | 648657.4950 |
| 45 | 531550.2020 | 648657.6310 |
| 46 | 531565.8080 | 648659.804<br>0 |
| 47 | 531602.9390 | 648669.4470 |
| 48 | 531637.0000 | 648684.934<br>0 |
| 49 | 531654.2350 | 648687.5150 |
| 50 | 531674.3190 | 648685.7490 |
| 51 | 531712.1380 | 648672.1750 |
| 52 | 531711.8490 | 648654.9110 |

| | | |
|---|---|---|
| 53 | 531752.9420 | 648637.8650 |
| 54 | 531758.6170 | 648650.820 0 |
| 55 | 531761.7960 | 648662.4110 |
| 56 | 531808.5650 | 648636.9560 |
| 57 | 531807.6560 | 648632.6380 |
| 58 | 531802.4350 | 648626.502 0 |
| 59 | 531889.1020 | 648593.1460 |
| 60 | 531907.4910 | 648602.9190 |
| 61 | 531912.0320 | 648600.873 0 |
| 62 | 531909.0800 | 648593.3730 |
| 63 | 531868.6690 | 648565.6460 |
| 64 | 531796.2450 | 648534.2820 |
| 65 | 531760.3740 | 648524.964 0 |
| 66 | 531746.3480 | 648501.9310 |
| 67 | 531714.7910 | 648466.022 0 |
| 68 | 531704.1200 | 648426.022 0 |
| 69 | 531638.8110 | 648321.8210 |
| 70 | 531642.6700 | 648315.9120 |
| 71 | 531618.3780 | 648301.8210 |
| 72 | 531608.6150 | 648288.6390 |
| 73 | 531607.4820 | 648225.6110 |
| 74 | 531598.8540 | 648205.3830 |
| 75 | 531594.5410 | 648156.0650 |
| 76 | 531588.1840 | 648141.2920 |
| 77 | 531595.6760 | 648135.3830 |
| 78 | 531619.5140 | 648124.0190 |
| 79 | 531612.2650 | 648096.1830 |
| 80 | 531574.3510 | 648072.5470 |
| 81 | 531570.7180 | 648073.6830 |
| 82 | 531500.1110 | 648125.5010 |
| 83 | 531488.5330 | 648112.7740 |
| 84 | 531437.9050 | 648135.2740 |
| 85 | 531427.5250 | 648137.3150 |
| 86 | 531399.3730 | 648109.8150 |

| | | |
|---|---|---|
| 87 | 531389.1560 | 648111.8600 |
| 88 | 531382.7990 | 648132.3150 |
| 89 | 531374.6260 | 648132.3150 |
| 90 | 531362.8200 | 648146.6330 |
| 91 | 531316.2790 | 648137.9970 |
| 92 | 531274.9600 | 648219.1340 |
| 93 | 531267.9220 | 648215.7250 |
| 94 | 531245.2190 | 648220.0430 |
| 95 | 531220.0180 | 648206.4070 |
| 96 | 531217.5210 | 648210.2700 |
| 97 | 531219.3370 | 648216.1800 |
| 98 | 531187.5530 | 648215.7250 |
| 99 | 531093.1070 | 648220.4980 |
| 100 | 531077.2150 | 648205.0430 |
| 101 | 531067.4520 | 648199.1340 |
| 102 | 531076.7590 | 648144.9510 |
| 103 | 531081.0730 | 648087.6770 |
| 104 | 531004.1870 | 648057.4900 |
| 105 | 530979.6680 | 648054.3080 |
| 106 | 530935.3960 | 648059.0810 |
| 107 | 530872.1330 | 648082.0240 |
| 108 | 530857.6030 | 648094.9780 |
| 109 | 530856.9220 | 648096.5690 |
| 110 | 530879.6250 | 648114.9790 |
| 111 | 530873.4950 | 648163.1610 |
| 112 | 530863.0980 | 648181.6910 |
| 113 | 530850.6110 | 648210.7820 |
| 114 | 530843.3460 | 648250.328 |

| | | |
|---|---|---|
| | | 0 |
| 115 | 530830.1900 | 648293.6410 |
| 116 | 530812.4820 | 648295.2320 |
| 117 | 530800.2220 | 648291.3680 |
| 118 | 530785.6920 | 648289.3230 |
| 119 | 530773.8860 | 648330.6870 |
| 12<br>0 | 530766.1670 | 648341.5960 |
| 121 | 530755.7230 | 648342.960<br>0 |
| 12<br>2 | 530728.9340 | 648339.5510 |
| 12<br>3 | 530695.1060 | 648325.6870 |
| 12<br>4 | 530696.6950 | 648311.5960 |
| 12<br>5 | 530669.7540 | 648307.042<br>0 |
| 12<br>6 | 530654.7700 | 648297.9510 |
| 12<br>7 | 530634.5640 | 648275.6780 |
| 12<br>8 | 530605.9580 | 648289.087<br>0 |
| 12<br>9 | 530599.3740 | 648291.1320 |
| 13<br>0 | 530590.2920 | 648299.996<br>0 |
| 131 | 530589.1570 | 648312.0420 |
| 13<br>2 | 530591.8780 | 648331.7360 |
| 13<br>3 | 530589.6070 | 648349.2360 |
| 13<br>4 | 530607.0890 | 648364.009<br>0 |
| 13<br>5 | 530653.8580 | 648384.9180 |
| 13<br>6 | 530685.4150 | 648398.5550 |
| 13 | 530697.2210 | 648401.9640 |

| | | |
|---|---|---|
| 7 | | |
| 138 | 530728.3240 | 648404.4640 |
| 139 | 530715.8390 | 648439.9070 |
| 140 | 530704.5050 | 648472.7530 |
| 141 | 530765.3500 | 648486.3890 |
| 142 | 530802.9980 | 648498.6050 |
| 143 | 530817.7550 | 648506.1050 |
| 144 | 530826.1550 | 648490.1960 |
| 145 | 530838.6420 | 648496.3330 |
| 146 | 530897.8580 | 648501.5500 |
| 147 | 530894.9070 | 648532.6860 |
| 148 | 530926.0110 | 648537.2320 |
| 149 | 530926.4650 | 648540.8680 |
| 150 | 530928.7350 | 648542.6870 |
| 151 | 530969.8280 | 648554.9590 |
| 152 | 531024.9260 | 648570.6140 |
| 153 | 531039.9100 | 648574.0230 |
| 154 | 531058.3000 | 648576.9780 |
| 155 | 531088.0410 | 648574.2500 |
| 156 | 531078.7330 | 648608.3420 |
| 157 | 531078.2790 | 648623.7490 |

| | | |
|---|---|---|
| 15 8 | 531073.2840 | 648651.9320 |
| 15 9 | 531068.9650 | 648682.506 0 |
| 16 0 | 531066.6950 | 648699.324 0 |
| 161 | 531057.3860 | 648706.8250 |
| 16 2 | 531018.3370 | 648735.9160 |
| 16 3 | 531001.5870 | 648753.7070 |
| 16 4 | 530977.5210 | 648764.1610 |
| 16 5 | 530968.8940 | 648773.9340 |
| 16 6 | 530960.7210 | 648789.1620 |
| 16 7 | 530957.3150 | 648806.339 0 |
| 16 8 | 530961.1750 | 648846.3390 |
| 16 9 | 530960.7210 | 648862.7030 |
| 17 0 | 530952.0950 | 648877.6840 |
| 171 | 530898.0610 | 648889.048 0 |
| 17 2 | 530885.5740 | 648892.684 0 |

Границата на планскиот опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, означени со редни броеви од Т1 до Т172, а за секоја точка табеларно се дадени параметрите по x и y координати.

**Член 7**

Со Општиот акт се утврдуваaат групите на класи на намени во рамките на планскиот опфат со име за секоја наменска зона поодделно согласно член 30 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија бр. 63/12; 126/12; 19/13; 95/13 и 37/14).

Во рамки на планскиот опфат на село Горно Нерези се утврдени повеќе групи на класи на намени:

**А** - **Домување**, односно класите на намени:

А0 – домување во станбени куќи со посебен режим;

А1 – домување во станбени куќи со дворови и домување во станбени куќи во селско – стопански двор;

А3 – групно домување

АБ- мешана намена

**В** - **Јавни институции**, односно класите на намени:

В2 - здравство и социјална заштита;
В3 - култура;
В4 - државни институции;
В5 - верски институции.

**Д** - **Зеленило и рекреација**, односно класите на намени:

Д2 - заштитно зеленило;
Д4 - меморијални простори.

**Е** - **Инфраструктура**, односно класите на намени:

Е1 - комунална инфраструктура
(сообраќајни површини и површини под вода - реки и канали);

**Член 8**

Со одлуката за Општ акт за село Горно Нерези се дефинирани сите постојни влезни и излезни правци во селото и неговата сообраќајна поврзаност со поширокото опкружување.

Со одлуката за Општ акт за село Горно Нерези се дефинира пристапот до градбите и начинот на решавање на стационарниот сообраќај, кој треба да е во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија бр. 63/12; 126/12; 19/13; 95/13 и 37/14).

Доколку не е обезбеден колски пристап до градежната парцелата, а поради специфичноста на теренот на Село Горно Нерези, инвеститорот е должен сам да си обезбеди колски или пешачки пристап.

**Член 9**

Утврдувањето на условите за градба на објектите во рамките на утврдените наменски зони во графичкиот приказ се врши според конкретните услови на лице место, одредбите на оваа одлука, Законот за просторно и урбанистичко планирање и подзаконските акти кои произлегуваат од истиот закон Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) .

**Член 10**

Формирањето на градежната парцела, површината за градба, висината на објектите, процентот на изграденост и коефициентот на искористеност да се во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија бр. 63/12; 126/12; 19/13; 95/13 и 37/14).

При формирањето на градежните парцели потребно е да се почитуваат имотно-правните односи, односно една или повеќе катастарски парцели да претставуваат градежна парцела.

Површината за градење може да се протега во рамки на една или повеќе катастарски парцели, при што минимално растојание од површината за градење до границата на парцелата кон постоечката сообраќајница не треба да е помало од три (3) метри, согласно член 84-а од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија бр. 63/12; 126/12; 19/13; 95/13 и 37/14).

**Член 11**

Со оваа одлука се дефинира просторна организација и условите за градење во селско-стопански двор.

Во рамките на градежните парцели со класа на намена А1 (домување во станбени куќи - селско-стопански дворови) освен објектот за домување, можат да се предвидат и помошни градби во функција на селско-стопанскиот двор (штали, складишта, гаражи и сл.).

**Член 12**

Со оваа одлука се дефинира начинот на реализација на инфраструктурните водови и градби.

Постојната инфраструктурна мрежа (водовод, канализација и електрика) да овозможува да се приклучи на мрежата секој објект со основна група на класи на намена А - домување и В - јавни институции.

Проектот за инфраструктура се изработува согласно член 51-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) .

**Член 13**

Општиот акт за село содржи табели со Билансни показатели во кои се прикажани планираните површини по намена на земјиштето - наменските зони.

**Член 14**

Сите параметри за уредување на просторот во планскиот опфат кои не се опфатени во приложените општи услови за изградба на просторот од овој Општ акт, мора да бидат во

согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија бр. 63/12; 126/12; 19/13; 95/13 и 37/14).

**Член 15**

Графичкиот прилог кој е составен дел на оваа одлука, по нејзиното донесување, се заверува од Претседателот на Совет на општина Карпош и во електронска форма се доставува до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

**Член 16**

Одредбите на оваа одлука се применуваат до донесување на Урбанистички план за село.

**Член 17**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Карпош".

**Број: 07-7312/4**
**Датум: 27.10.2014 год.**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.10/2013), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување рекламни паноа на подрачјето на Општина Карпош**

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за поставување рекламни паноа на подрачјето на Општина Карпош, донесена на дваесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 27 октомври 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

**Број: 09-7486/3**
**Датум: 28.10.2014 год.**
**Скопје**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), како и член 15, став 1, точка 1, алинеја 5 од Законот за Градот Скопје (“Службен весник на Република Македонија“ бр.55/04 и 158/11), а во врска со член 80 од Законот за градење (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 139/09, 124/10, 18/11, 36/11, 49/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14 и 149/14), а во врска со дадената согласност од Градот Скопје бр. 13-514/3 од 13.02.2013 година на Програмата за поставување рекламни паноа на подрачјето на Општина Карпош , Број 07-9452/13 од 07.12.2012 година, Советот на Општина Карпош на дваесет и втората седница, одржана на 27 октомври 2014 година, донесе

## ПРОГРАМА
**за изменување и дополнување на Програмата за поставување рекламни паноа на подрачјето на Општина Карпош**

**Член 1**

Во Програмата за поставување рекламни паноа на подрачјето на Општина Карпош донесена на Шеесет и првата седница на Советот на Општина Карпош на 06.12.2012 година, Број 07-9452/13 од 07.12.2012 год, во поднаслов II. Локации за поставување, член 2 став 1 алинеја 2 се додава зборот Злокуќани - (потегот на улица Скупи).

**Член 2**

Во член 3 се додава нов став 2 кој гласи: Доколку се јави потреба за дополнителни локации во наведените зони од член 2 на Програмата, истите ќе се определуваат поединечно од страна на Комисија формирана од Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 3**

По член 3 од Програмата, се додаваат член 3-а и 3-б, кои гласат :

**Член 3-а**

Локациите кои дополнително ќе се определат од страна на Комисијата од горенаведениот член 2 на оваа Програма за изменување и дополнување треба да бидат во согласност со Законот за локалната самоуправа, Законот за градење и Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.

**Член 3-б**

Бројот на локациите во наведените зони во член 2 од Програмата се отворени и иситите се определуваат според потребите и условите согласно важечките законски прописи и по законските акти.

**Член 4**

Сите други одредби од основната Програма за поставување рекламни паноа на подрачјето на Општина Карпош, број 07-9452/13 од 07.12.2012 год., објавена во Службен Гласник на Општина Карпош бр.15/12, не се менуваат и остануваат во сила.

**Член 5**

Оваа Програма за за изменување и дополнување на Програмата за поставување рекламни паноа на подрачјето на Општина Карпош влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Карпош.

**Број: 07-7312/5**
**Датум: 27.10.2014 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.10/2013), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлуката за утврдување на невклопување на бесправен објект во урбанистичко-планска документација**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на невклопување на бесправен објект во урбанистичко-планска документација, донесена на дваесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 27 октомври 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р**

**Број: 09-7486/4**
**Датум: 28.10.2014 год.**
**Скопје**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02) и член 2, став 1, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12,95/13 и 109/14), Советот на Општина Карпош, на дваесет и второта седница, одржана на 27 октомври 2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на невклопување на бесправен објект во урбанистичко-планска документација**

**Член 1**

Во врска со поднесеното барање за утврдување направен статус на бесправен објект од локално значење УП1 бр. 35-10124од 14.09.2011 година од страна на лицето Елица Поповиќ, а кое се однесува на објект на КП 5949/3 КО Карпош, Советот на Општина Карпош констатира дека не може да се изврши вклопување на бесправниот објект согласно одредбите од член 2, став 1, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко- планска документација („Службен весник на Република Македонија” бр.56/11, 162/12, 95/13 и 109/14).

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број: 07-7312/6**
**Датум: 27.10.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.10/2013), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП.бр.6125/7 КО-Карпош во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП.бр.6125/7 КО-Карпош во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправениот објект со намената на земјиштето, донесена на дваесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 27 октомври 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-7486/5**
**Датум: 28.10.2014 год.**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02) и член 2, став 1, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12,95/13 и 109/14), Советот на Општина Карпош, на дваесет и втората седница, одржана на 27 октомври 2014 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП.бр.6125/7 КО-Карпош во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

**Член 1**

